**“Оценка на интервенцијата – локални гледишта на градењето на демократија во постјугословенските земји и територии”**

Отворен конкурс за есеј.

Со поддршка на фондацијата Браќа Рокефелер, проектот *Муабет* на Ватсон Институтот за интернационални студии организира отворен натпревар на есеи, со цел да ја потцрта важноста на локално-заснованите гледишта на меѓународните напори за изградба на демократијата во поранешна Југославија. Ги покануваме студентите, професорите, професионалците, активистите и практичарите во регионот да поднесат есеи што ги анализираат општествените, културните, политичките или економските димензии на меѓународната вклученост во транзицијата. Ние сме посебно заинтересирани за есеи што ќе зборуваат за искуството на работење со или во склопот на меѓународните организации, како во невладиниот, така и во владиниот сектор, и коишто врз основа на тие искуства ќе можат да понудат аналитички перспективи за напредокот што е направен во последните неколку години. Најдобрите есеи ќе бидат објавени на англиски јазик.
Рокот на поднесување е **18-ти мај, 2007.**
Есеите може да бидат напишани на англиски, македонски, албански, српски, хрватски или босански јазик и испратени електронски на:
http://watsoninstitute.org/muabet/contest.html.
Повеќе детали се дадени подолу.

Актуелната состојба на западниот Балкан покренува едно едноставно прашање: Дали функционира странската помош за изградба на демократијата? Многу меѓународни проценки ја сметаат таа помош за успешна, врз основа на индикатори како што се зголеменото учество на граѓаните, намалената појава на меѓуетничко насилство, општествено-економскиот напредок и зголемениот капацитет во граѓанското општество. Сепак, други сметаат дека овие проекти паѓаат во вода, земајќи го во предвид одумирањето на реформистичките партии и враќањето на сцена на националистите во Србија; нашироко распространетите нереди на Косово во март 2004-тата година, неразрешените поделби околу уставните промени во Македонија по 2001-вата година, и дискусиите за нов “Европски рај” во Босна и Херцеговина. Овој контраст е обележје на спорната дефиниција за демократизацијата, како и тешкотиите поврзани со проценувањето на резултатите од надворешните напори за помош на демократизацијата.

Поради тоа, во стратешките и во научните кругови пресудата е нејасна, и дебатата повеќе ја карактеризираат слободоумни полемики отколку внимателни анализи. Насреде реторичките крајности коишто на Балканот гледаат или како на триумфален успех, или како на краен неуспех, и коишто извлекуваат паушални стратешки препораки врз основа на тие заклучоци, реалностите во земјата – искусени и осведочени особено од страна на граѓаните на земјите и територииите што стојат под дискусија - честопати се

игнорираат и маргинализираат. Конкурсот за есеј, под наслов “Оценка на интервенцијата – локални гледишта на градењето на демократија во постјугословенските земји и територии”, има за цел да се осврне на оваа проблематика.

Есеите треба да бидат во должина од 6000 до 7000 зборови, и можат да бидат поднесени на англиски јазик или на кој било матичен јазик во регионот. Претпочитаме есеите да бидат поднесени во електронски формат, меѓутоа ќе бидат прифатени и оние на хартија. Исто така, се примаат и коавторирани есеи. Поради тоа што Фондацијата Браќа Рокефелер се фокусира на “клучни места”, добредојдени се, пред сé, есеи што се осврнуваат на прашањата околу демократските транзиции во Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово, Македонија, Црна Гора и Србија.

Како што е спомнато погоре, ние сме посебно заинтересирани за есеи коишто се вкоренети во искуствената интеракција меѓу поединци и организации коишто се вклучени во демократската транзиција. Меѓу потенцијалните прашања што есеите би можеле да се обидат да ги одговорат, а коишто ние сметаме дека се важни во разбирањето на влијанијата, намерни и ненамерни, на меѓународната помош во демократизацијата се следниве:

- Како се одразува присуството на меѓународните организации врз граѓанското општество? На пример, дали можностите за вработување што ги нудат Меѓународните Организации (МО) ги зголемуваат способностите на поединците, од коишто општеството има долготрајна полза, или пак ги ослабуваат локалните невладини организации со тоа што им ги “крадат” вработените?

- Колку се запознати Меѓународните Организации со посебните културни средини во коишто работат? Како стекнуваат такво знаење, и кои фактори го спречуваат нивното учење?

- Како се разликуваат локалните сфаќања за демократијата од визијата што ја имаат меѓународните донори и работодавци? Како тие локални сфаќања го обликуваат крајниот исход од програмите за помош на процесот на демократизација?

- Како влијаат внатрешната организација и полисите на Меѓународните Организации врз професионалните односи меѓу странските и локалните вработени? Поточно, дали внатрешните практики на МО ги поттикнуваат или обесхрабруваат колаборативните професионални односи меѓу странските и локалните вработени?

- Кога локалните вработени во една меѓународна организација или слична таква локална организација понудуваат критички забелешки за дизајнирањето, имплементацијата или евалуирањето на проектите за промовирање на демократијата, дали меѓународните вработени се

спремни да ги ислушаат и применат тие идеи? Под кои услови и во кои фази на процесот на промовирање на демократијата се чини дека тие се најприемливи за локалните идеи?

Овие се само предлози. Добродојдени се исто така и пошироки анализи на меѓународната вклученост во регионот. Еден пример за рефлективен, аналитички есеј напишан од страна на практикувач на демократијата од Соединетите Држави, заснован врз нејзините искуства во Санџак, може да се прочита на следниов линк, http://watsoninstitute.org/muabet/docs/Chapter5.pdf

Сите поднесени есеи ќе бидат прочитани и оценети од страна на панел читатели коишто имаат долгогодишно искуство на темата, регионот или и двете. Врз основа на нивната евалуација, најдобрите 10 поднесени есеи ќе бидат објавени на англиски јазик или во специјално издание на журнал, или пак во вид на лекторирана збирка. Успешните автори исто така ќе добијат финансиска и техничка поддршка за ревизија, превод и лекторирање. Доколку дозволуваат фондовите, тие исто така ќе бидат поканети и на една меѓународна работилница за да го презентираат и дискутираат своето дело.

Рокот на поднесување е **18-ти мај, 2007.**
Есеите може да бидат напишани на англиски, македонски, албански, српски, хрватски или босански јазик и испратени електронски на:
http://watsoninstitute.org/muabet/contest.html.